**Годишен извештај на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите**

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Орган на државна управа (назив)** | Министерство за образование и наука |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Наташа Хаџи - Лега, координатор за еднакви можности (државен советник)<br>Славица Мирческа Атовска, заменик координатор за еднакви можности (советник за стратешко планирање) |
| **Период на известување** | 2022 година |
| **Датум на поднесување на извештајот** | Април 2023 година |

**Одговорно лице кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност**

Датум, 28.04.2023 година
Бр. 03-4901/1

Име и презиме
Министер за образование и наука/Ministër i Arsimit dhe Shkencës
Doc.Dr. Jeton Shaqiri, с.р
Потпис

(Одговорно лице во органот на државна управа)

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

_________________________

**Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот)**

**Потпис**

## *1.* ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

**2.1. Преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете)**

**А) Позитивни**

**Б) Охрабрувачки**

**В) Програмски**

Министерството за образование и наука, при изготвување на извештаите за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите, секогаш ги зема предвид сите мерки и активности кои се преземени, а се во согласност со Законот за еднакви можности.

Како и претходните години, така и во 2022 година, беа спроведени повеќе активности и изготвени документи кои се позитивни и охрабрувачки, кога станува збор за родовата еднаквост и застапеност.

Спроведувањето на новата Концепција за основно образование (од март 2021). продолжува и оваа учебна година.

Концепција се потпира на инклузивноста, родовата сензитивност/рамноправност и интеркултурноста како клучни принципи и е директно поврзана со Националните стандарди за основно образование, што ги даваат насоките кон кои треба да се стреми целокупната организација и реализација на воспитно-образовниот процес во основните училишта.

Наставните содржини се избрани така што водат сметка и на девојчињата и на момчињата да им обезбедат позитивни модели за идентификација кои не се ограничени од традиционалните родови улоги.

Концепцијата исто така уредува: „Промовирање на родовата рамноправност преку образованието е стимулирање на учеството на учениците во наставните и воннаставните активности независно од полот, односно спротивно на стеретипните очекувања поврзани со полот/родот." Во секоја од новите настави програми има посебно поглавје насловено: „Инклузивност, родова рамноправност/сензитивност, интеркултурност и меѓупредметна интеграција". Со ова се издигнува родовата еднаквост и заштита од дискриминација по било кој основ во наставните програми, учебници и наставни материјали, на едно малку повисоко ниво и се стимулираат и наставниците и учениците повеќе да размислуваат на овие теми и секој како единка, како може да придонесе за унапредување на овие прашања.

Наставните содржини се избрани така што водат сметка и на девојчињата и на момчињата да им обезбедат позитивни модели за идентификација, кои не се ограничени од традиционалните родови улоги.

Донесени се нови наставни програми за второ и петто одделение, согласно новата концепција за основно образование и се применуваат во училиштата од 1.09.2022 .

Започната е постапка за одобрување на нови учебници за прво, второ, четврто и петто одделение, согласно новите наставни програми (кои промовираат родова еднаквост и недискриминација), врз основа на објавениот Конкурс од страна на Педагошката служба на 25.3.2022г.

Од страна на БРО изработени се материјали за учење за првото тромесечје, за учениците од прво, второ, четврто и петто одделение, согласно новите наставни програми. Истите се испечатени од страна на МОН (Проект PEIP) и доставени се до сите училишта.

Во 2021/2022 година беше пилотирана програмата за Сеопфатното сексуално образование со која беа опфатени 85 ученици од три основни училишта кои ја завршија 36-часовната програма за ССО во 2022. Пилот-програмата ја спроведе Бирото за развој на образованието.

Во 2022 година, Бирото за развој на образованието изработи Нацрт-национална стратегија за ССО во основните училишта 2023-2030, кое предвидува воведување на ССО во сите основни училишта во 9то оддление. Насилството е една од седумте компоненти кои се опфаќаат со ССО.
Во тек се активностите за носење на нов Закон за средно образование и нова Концепција за средно образование кои како и Концепцијата за основно образование и Законот за основно образование, ќе се темелат на промовирање на инклузивност, родова рамноправност, толеранција и недискриминација по било каков основ.

Во 2022 година БРО изготви Каталог за акредитирани програми за наставници и Каталог за стручни соработници. Обуките ги поминаа вкупно 16.803 наставници 261 стручен соработник, што е речиси 88% од вкупниот број на наставници во основното образование. Покрај другите обуки во каталогот има и обуки кои ја опфаќаат оваа тема.

| **Реден број** | **Наслов на обука (за наставници)** | **Број на пријавени наставници за обука за 2022 година** |
|---|---|---|
| 1. | Воспитание во современ контекст: развивање социоемоционални вештини кај учениците | 749 |
| 2. | Мултикултурализмот во еднојазични и повеќејазични училишта | 931 |
| 3. | Родова еднаквост и родова сензитивност во училиште | 42 |
| 4. | Социјална и образовна инклузија/Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост | 2874 |
| 5. | Справување со врсничкото насилство и кибернасилството | 433 |
| 6. | Разрешување конфликти со ученици и меѓу ученици | 209 |

| Реден број | **Наслов на обука (за стручни соработници)** | **Број на пријавени стручни соработници** |
|---|---|---|
| 1. | Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социоемоционална клима на час | 312 |
| 2. | Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и слично | 179 |
| 3. | Инклузивно образование во пракса | 82 |

**2.2 Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

Донесени се новите наставни програми и наставни материјали за второ и петто одделение, кои промовираат родова еднаквост и недискриминација. Во текот на целиот процес на изработка на програмите, работните групи се консултираа и со експерти од области на коишто се темели новата Концепција за основно образование: родовата еднаквост и

недискриминација, инклузивноста и мултикултурализмот, како и за заштитата на животната средина, почитување и заштита на правата и слично. Наставните содржини се избрани така што водат сметка и на девојчињата и на момчињата да им обезбедат позитивни модели за идентификација, кои не се ограничени од традиционалните родови улоги. Новите наставни програми се базирани на компетенции кои учениците почнуваат да ги стекнуваат од прво одделение, а продолжуваат да ги развиваат во наредните одделенија, пред се компетенциите кои произлегуваат од подрачјето со кое наставниот предмет има директна врска, но и трансверзалните компетенции преку кои се остварува и интеграцијата и се овозможува целосен развој на учениците.
Согласно новите наставни програми за прво, второ, четврто и петто одделениеизработени се целосно нови учебници (вкупно 30 учебници). Содржината на учебниците е разбирлива за учениците, а целта е преку активности и игри да се воведат во наставната материја и да ги разберат аспектите на родова еднаквост, интеркултурализмот, инклузијата, заштитата на животната средина, почитувањето, правата и слично.
Со цел зајакнување на статусот и подобрување на содржината на изборните предмети и вонаставните активности според слободниот избор на учениците се продолжи со етапна примена на Водичот за слободни изборни предмети во основното образование. Во 2022 година од страна на БРО одобрени се 25 наставни програми подготвени од наставниците во основните училишта.

Воведувањето на сеопфатно сексуално образование во основните училишта, значи унапредување на родовата еднаквост, инклузивноста и толеранцијата, но и превенција од сексуалното вознемирување и насилството. Ова образование значи знаења за начините за заштита, однесувањето и предизвиците, коишто ги носат пубертетот и развојот до адолесценција.
Во учебната 2021/2022 година се спроведе пилот-проект, со кој предметот сексуално образование е воведен во деветто одделение во три училишта ОУ „ Јан Амос Коменски “ – Карпош, ОУ „ Кузман Шапкарев “ – Кисела Вода и ОУ „ Братство Мигени “ во Тетово. Се направи евалуација на резултатите и се изработи Нацрт-национална стратегија за ССО во основните училишта 2023-2030, кое предвидува воведување на ССО во сите основни училишта во 9то оддление.

Во процесот на воведување на сеопфатно сексуално образование е вклучено Бирото за развој на образованието, граѓанската организација ХЕРА, како и меѓународни организации – УНЕСКО, УНДП, СЗО и УНФПА
Во 2022 година, повлечен е учебникот по наставниот предмет Социологија за втора година Гимназиско образование, за кој е донесено Решение за повлекување од употреба со бр. 08-9443/3 од 29.08.2022 година.

**2.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

Донесена е новата Концепција за основно образование. И оваа учебна година, согласно

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

| |
|---|
| новата концепција, имплементација започна за учениците од второ и петто одделение. Наставниците добија соодветна обука за примена на новата Концепција (поделена во три модули).<br>Обуката ја имаат поминато 6117 наставници и стручни соработници.<br>Воведено сеопфатно сексуално образование во три основни училишта, како пилот проект и целта на проектот е спроведување на оваа проект и во други основни училишта. |
| **2.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот** |

## 3.ПРЕЗЕМЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

| |
|---|
| **3.1. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на органот на државната управа (ОДУ), согласно член 11 од ЗЕМ:**<br><br>Во Националната стратегија за родова еднаквост 2022-2027, донесена од страна на Собранието на РСМ на ден 27.07.2022 година, нотирано е дека целосно родово сензитивно и рамноправно образование ќе се постигне со задржување во образовниот процес на девојчињата од ранливите групи, поттикнување на девојчињата да се образуваат во полиња што се сметаат за „машки", а кои како професии се повеќе платени и овозможуваат поголем избор на работни места, односно се професии на иднината.<br>Едни од стратешките приоритети и цели на Министерството за образование и наука се и усогласувањето на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот, како и модернизирањето на системот за стручно образование и обука.<br>Програмата „Квалитетно и инклузивно средно образование (еднакви можности на момчињата и девојчињата)" е поврзана со следниве стратешки цели и приоритети од Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026 година:<br>Општа цел 2. Подобрување на положбата на жените во сите области на јавниот и приватниот живот<br>Специфична цел 2.6: Родово сензитивни образование и наука |
| **3.2. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**<br><br>Програмата „Квалитетно и инклузивно средно образование" произлегува од стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија „Квалитетно образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот", односно приоритетните цели „ Развивање квалитетно образование достапно за сите, кое ќе создава кадар способен за логично и критично размислување, базирано на анализи и факти", образование во функција на личности кои ќе ги почитуваат и негуваат граѓанските права, толеранцијата, различностите, воспитување во духот на мултикултурализмот и оспособување за потребите на пазарот на трудот и афирмирање и унапредување на културата, развој и унапредување на образованието, на јазиците на припадниците на заедниците". |

Целта на оваа програма е обезбедување квалитетно и инклзуивно средно образование и унапредување на ученичкиот стандард.

Зголемување на привлечноста, квалитетот и релевантноста на стручното образование, како кај момчињата, така и кај девојчињата, со континуирано прилагодување на општествените и технолошките промени од една страна и потребите и особините на учениците, од друга страна. Подобрување на ресурсите и капацитетите на системот за средно образование и обука, со цел овозможување на еднаков пристап за сите. Во оваа насока, избраната програма и активностите кои ќе бидат преземени за подобрување на родовиот баланс во споменатите 3 струки во кои е детектиран силен диспаритет помеѓу момчињата и девојчињата, ќе бидат дополнително поддржан со низа на активности кои се во доменот на надлежности на Министерството за образование и наука и институции кои работат во областа на стручното образование и обука.[2] На овој начин, со интегриран пристап ќе се зголемат ефектите од влијанието на предложената интервенција. Активности кои дополнително ќе влијаат на ефектите од предложената интервенција во оваа Родово буџетска изјава се:

- Воведување на флексибилен и ефикасен систем за изработување на Стандарди на занимања и Стандарди за квалификации коишто се засноваат на резултати од учење, изработување на модуларен наставен план и програма, коишто, исто така, се засноваат на резултати од учење, во согласност со оние стандарди коишто ги исполнуваат потребите на пазарот на трудот, како и програми за учениците со посебни образовни потреби и девојчиња;
- Развиени Стандарди на занимања и ревидирани наставни планови и програми во согласност со потребите на пазарот на трудот, како и соодветна обука на наставниците;
- Воведен систем за следење на учениците, со посебна графа за внесување на род (Tracersystem) откако ќе го завршат формалното образование;
- Зајакнат систем за кариерно насочување и советување на момчињата и девојчињата за запишување на дефицитарни струки, но и за рушење на стереотипите како „машки“ или „женски “ професии.
- Зајакнување на трите регионални центри за средно стручно образование (во Југозападниот, Североисточниот и Полошкиот регион), целосно опремени за обезбедување на квалитетни услуги, како и родово сензитивизирање на истите.

**3.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (пример за индикатор)**

- големен број на запишани девојчиња на струките кои се разгледуваат и ќе се следат, преку оваа родово буџетска изјава, во наредните три години, и тоа: 2% во учебната 2022/23, 3% во учебната 2023/24, и 4% учебната 2024/25.

- Зголемен буџет (прогресивно од 1 до 5% во следните 3 години), наменет за промоција на атрактивноста на дефицитарните струки кои се обработуваат во оваа родово буџетска изјава, пред учениците во основно образование, со посебен акцент на мотивирање на девојчињата.

- Зајакнување на системот за кариерно насочување и советување, со посебен акцент на елиминирање на родовите стереотипи за „машки“ и „женски“ професии.

- Зајакнување на средните стручни училишта преку насоки и обуки на раководителите и наставниот кадар за промоција на еднакви можности и надминување на родовите стереотити и предрасуди за стручното образование.

**3.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот:**

Според податоците за запишани девојчиња и момчиња во трите струки од Средни стручни училишта кои се одбрани за следење со Родово Буџетската изјава, а презентирани во Информација за преземените активности и имплементираните мерки на програми и потпрограми во кои е вклучена родовата перспектива од вкупно запишани ученици во:

- **градежно геодетска** струка процентот на запишани девојчиња во 2022/2023 се зголемил за 2,3% споредено со 2021/2022.

-**земјоделско-ветеринарна струка** процентот на запишани девојчиња во 2022/2023 се зголемил за 3,1% споредено со 2021/2022.

-**шумарско дрво-преработувачка струка** процентот на запишани девојчиња во 2022/2023 се намалил за - 0,5% споредено со 2021/2022.

За **трите струки** од вкупно запишани девојчиња во учебната 2022/2023 процентот се зголемил за 2,93% споредено со 2021/2022.

## 4.СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ:

**4.1. Наведете ги активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите кои Вашата институција ги реализирала во соработка со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

Министерството за образование и наука беше дел од проектот „Воспоставување на мулти-професионална превенција на родово засновано насилство, работа со сторители преку пристап фокусиран на безбедноста на жртвата и советување на мажите во Северна Македонија“ поддржан од Verein für Männer- und Geschlechterthemen Steiermark (Здружение за машки и родови прашања Стирија) (Грац, Австрија) со финансиска поддршка од австриското Сојузно министерство за социјални прашања, здравство, грижа и заштита на потрошувачите.

Невладината организација од Швајцарија - Хелветас веќе 4 години е партнер на министерството кој што дава голема логистичка и финансиска поддршка за спроведување на проектот „Образование за вработување во Северна Македонија - Е4Е“ преку кој се спроведува дијалогот „Учи паметно, работи стручно“ помеѓу МОН, бизнис заедницата, општините и средните стручни училишта, а во насока на заедничко дефинирање на потребите од отворање на нови струки и профили кои се потребни на локално ниво, дизајнирање на наставните планови и програми и вклучување на компаниите во практичната обука на учениците од средните стручни училишта.

**4.2. Дали базата на податоци со која располага ОДУ е разделена по пол?**

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**
*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

Вкупен број на вработени во Министерство за образование и наука: **246**

- жени: **166**
- мажи: **80**

Вкупен број на раководни позиции (државен советник, раководител на сектор, помошник раководител на сектор, раководител на одделение): **50**

- жени: **36**
- мажи: **14**

Министер - маж
Заменик министер – маж
Државен секретар - жена
Директор на Педагошка служба - жена

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**
*** приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**

Образовниот систем на Република Северна Македонија се состои од предучилишно, основно (6-14 години), средно (15-17/18 години) и високо образование.
Основното образование трае девет години и е задолжително и бесплатно за сите ученици (на возраст 6-14 години). Во учебна 2022/2023 година, запишани се вкупно 182880 ученици во 10968 паралелки, од кои 95878 се машки и 89791 женски. Бројот на ученици во последните три учебни години е прикажан во табелата:




Споредбено со учебната 2020/2021 , бројот на ученици во 2021/2022 е зголемен за 0,12%, а во

учебната 2022/2023 е намален за 1,5%.

**Средното образование,** исто така е задолжително и бесплатно. Средното стручно образование може да биде со тригодишно и четиригодишно траење. Стручното оспособување во зависност од сложеноста на занимањето трае до две години. Бројот на запишани ученици во јавните средни училишта е прикажан во табелта:




Споредбено со учебната **2020/2021** , бројот на ученици во 2021/2022 е намален за 1,33%, а во 2022/2023 е намален за 4,82%.
Од вкупно запишаните ученици во **2022/2023,** во прва година се запишани 17365 ученици (9070 машки и 8295 женски).

**Високото образование** се реализира на три нивоа: додипломски, магистерски и докторски студии. Според податоците на Државниот завод за статистика, добиени врз основа на пристигнатите извештаи, во Република Северна Македонија, во академската 2021/2022 година се запишале вкупно 51 582 студенти, што претставува зголемување за 1.4 % во однос на академската 2020/2021 година. Бројот на запишани студентки е 29 858 или 57.9 %.
Најголем број студенти (82.6 %) се запишале на државните високообразовни установи, додека 16.8 % се запишале на приватните високообразовни установи.
На прва година на студии, во оваа академска година, се запишале 13 506 студенти или 26.2 % (тука се опфатени и студентите што запишуваат прва година по втор, трет и повеќепати).

За академската 2021/2022 година за стипендии за студенти девојчиња на студии за био-технички, техничко-технолошки, природно математички, ИТ и/или медицински науки (трета група на стипендии + ИТ) издвоени се 31.881.150 денари, додека за стипендии за студенти момчиња издвоени се 8.427.600 денари.

Табеларен приказ за предвидени средства за доделени стипендии за високо образование

| | Мажи | Жени | Вкупно | % женски во вкупниот број на добитници | месечна стипендија | вкупно за 9 месеци за жени | вкупно за 9 месеци за мажи | Вкупно средства, мажи и жени за 9 месеци | % учество на стипендии доделени на жени во вкупниот број на средства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИТ државни | 39 | 24 | 63 | 38.09 | 6,050 | 1.306.800 | 2.133.550 | 3.430.350 | 38.095 |
| ИТ приватни | 1 | 4 | 5 | 80.00 | 6,050 | 217.800 | 54.450 | 272.250 | 80.00 |
| Трета државни | 123 | 364 | 487 | 74.74 | 6.050 | 19.819.800 | 6.697.350 | 26.517.150 | 74.74 |
| Трета приватни | 5 | 15 | 20 | 75 | 6.050 | 816.750 | 272.250 | 1.089.000 | 75 |
| Математика | 2 | 19 | 21 | 90.47 | 18,000 | 3.078.000 | 324.000 | 3.402.000 | 90.47 |
| Физика | 3 | 11 | 14 | 78.57 | 18,000 | 1.782.000 | 486.000 | 2.268.000 | 78.57 |
| Хемија | 4 | 30 | 34 | 88.23 | 18,000 | 4.860.000 | 648.000 | 5.508.000 | 88.23 |
| | 177 | 467 | 644 | 72.51 | | 31.881.150 | 8.427.600 | 42.486.750 | 72.51 |

За академската 2022/2023 година за стипендии за студенти девојчиња на студии за био-технички, техничко-технолошки, природно математички, ИТ и/или медицински науки (трета група на стипендии + ИТ) издвоени се 29.439.000 денари, додека за стипендии за студенти момчиња издвоени се 12.181.950 денари.

Табеларен приказ за предвидени средства за доделени стипендии за високо образование

| | Мажи | Жени | Вкупно | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | % женски во вкупниот број на добитници | месечна стипендија | вкупно за 9 месеци за жени | вкупно за 9 месеци за мажи | Вкупно средства, мажи и жени за 9 месеци | % учество на стипендии доделени на жени во вкупниот број на средства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИТ државни | 25 | 12 | 37 | 32.4 | 6050 | 653400 | 1361250 | 2014650 | 32% |
| ИТ приватни | 3 | 2 | 5 | 40 | 6050 | 108900 | 163350 | 272250 | 40% |
| Трета државни | 155 | 354 | 509 | 69.5 | 6050 | 19275300 | 8439750 | 27715050 | 70% |
| Трета приватни | 8 | 12 | 20 | 60 | 6050 | 653400 | 435600 | 1089000 | 60% |
| Математи ка | 3 | 12 | 15 | 80 | 18000 | 1944000 | 486000 | 2430000 | 80% |
| Физика | 3 | 7 | 10 | 70 | 18000 | 1134000 | 486000 | 1620000 | 70% |
| Хемија | 5 | 35 | 40 | 87.5 | 18000 | 5670000 | 810000 | 6480000 | 88% |
| | | | | | | 29.439000 | 12.181950 | 41.620950 | 70.73121 |

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2022 година, звањето магистер на науки и специјалист го стекнале вкупно 1 883 лица, од кои 1 590 или 84.4 % се магистри и 293 или 15.6 % се специјалисти. Бројот на магистри и специјалисти, во споредба со 2021 година, е намален за 4.7 %. Учеството на жените магистри во вкупниот број лица што стекнале научен степен магистер на науки, во 2022 година е 61.3 %. Во 2022 година, најголем број од магистерските трудови, 611 или 38.4 %, се од областа на бизнисот, администрацијата и правото, 18.5 % се од областа на инженерството, производството и градежништвото, по што следат општествените науки со 15.1 %, а останатиот дел од областите се со помал процент на застапеност.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2022 година, звањето доктор на науки го стекнале 197 лица, што претставува намалување за 2 % во споредба со 2021 година.

Најголем број од лицата, 31.0 %, докторирале во здравството и социјалната заштита, потоа 17.8 % во бизнисот, администрацијата и правото, следат општествените науки, новинарството и информирањето со 10.2 %, уметноста и хуманистичките науки со 9.1 %, а останатите области се со помал процент на застапеност. 99 жени одбраниле докторска дисертација во текот на 2022 година, што претставува 50.3 % од вкупниот број лица што докторирале во истата година. Најголемиот процент од вкупниот број лица што докторирале, односно 25.9 %, ја вршат својата професија во дејностите на здравствената и социјалната заштита.

Согласно податоците добиени од државните универзитети во Република Северна Македонија, ситуацијата со вработените, на истите, е следната:

На Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид, вработени се вкупно 36 лица, од кои 21 жена и 15 мажи.

Вкупен број на вработени на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје е 165 лица, од кои 75 жени и 90 мажи.

Вкупениот број на вработени на Универзитетот во Тетово е 674 лица, од кои жени 238, мажи 436.

Вкупен број на вработени на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип изнесува 524, од кој жени се 318,а мажи 206.

Вкупно вработен кадар на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола е 450, мажи 189, жени 261.

Вкупно вработен кадар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2888, жени 1694, мажи 1194.

Согласно Државниот завод за статистика, во прилог се табели во кои може да се види, колку од годишното БДП, во државата е наменето за истражување и развој, како и некои поважни индикатори за истражување и развој[3]:

Табела 1 Вкупни трошоци за истражување и развој според секторот на извршување

| **Година:** | **2019** | **2020** | **2021** |
|---|---|---|---|
| **Вкупно:** | **2 547 995** | **2 494 023** | **2 717 362** |
| Деловен сектор | 706 370 | 640 511 | 597 819 |
| Владин сектор | 229 876 | 239 965 | 32 695 |
| Приватен непрофитен сектор | 38 000 | 27 802 | 282 419 |
| Сектор за високо образование | 1 573 749 | 1 585 745 | 1 804 429 |

Извор:ДЗС

Табела 2. Вработени (број на лица) во истражувачко развојна дејност според видот на работниот однос,работното време и секторот на извршување и пол за 2021 година

| | **Вкупно** | **Мажи** | **Жени** |
|---|---|---|---|
| **Вкупно:** | **3 838** | **1 745** | **2 093** |
| Бизнис сектор | 547 | 208 | 339 |
| Владин сектор | 552 | 288 | 264 |
| Високо образование | 2 693 | 2 693 | 1 465 |
| Посебен непрофитен сектор | 46 | 21 | 25 |

Извор:ДЗС

[3] Податоците се заклучно со 2021 година, бидејќи податоците за 2022 година, во извештајниот период, се во фаза на обработка

Табела 3. Вкупно истражувачи според сектор на извршување и пол за 2021 година

| | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **Вкупно:** | **2 284** | **1 068** | **1 216** |
| Бизнис сектор | 161 | 55 | 106 |
| Владин сектор | 285 | 127 | 158 |
| Високо образование | 1 814 | 876 | 938 |
| Посебен непрофитен сектор | 24 | 10 | 14 |

Извор:ДЗС

*** приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци разделени по пол за предвидени корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за опфатени корисници, целни групи итн.**

## 5. ОБВРСКИ

**5.1. Наведете кои се вашите обврски согласно Стратегијата за Родова Еднаквост (СРЕ), Националниот план за акција и оперативниот план за годината за која се известува. Опишете според:**
**а) Постигнати резултати**
**б) Реализирани активности**
**в) Индикатори за мерење успешност**
**г) Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства**

Националниот план за родова еднаквост (НАПРЕ) 2022-2024 и Националната стратегија за родова еднаквост 2022-2027 се донесени е од страна на Собранието на РСМ на ден 27.07.2022 година.

**5.2. Дали надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во органите на државната управа?**

Надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот за еднакви можности не се утврдени во актот за систематизација на работни места. Лицата се номинирани од страна на министерот за образование и наука.

**5.3. На кои обуки во текот на извештајниот период координаторот и заменик координаторот имаат присуствувано?**

Обуки/конференции кои ги посетил **координаторот** за еднакви можности на Министерството за образование и наука во текот на извештајниот период:

1. Презентација на анализа „Родовата еднаквост во спортот во Северна Македонија“ и

„Родово заснована дискриминација, вознемирување и насилство врз жени во спорт“ , оддржана 5 декември 2022

Организатор: UN Women

Проект: „Gender Equality Facility – Советодавни услуги за вклучување на родовата перспектива за администрацијата на Северна Македонија на централно ниво“

Финансиски поддржан: Шведска, кој се спроведува од UN Women во партнерство со Секретаријатот за европски прашања и Министерство за труд и социјална политика;

2. Регионална конференција “ Родово одговорни политики – Добри пракси и предизвици од регионот”, оддржана 6 и 7 декември 2022г

Организатор: Министерство за труд и социјална политика

Проект: „ Унапредување на институционализацијата на РОБ преку системска интеграција на родова перспектива во стратешкото планирање и програмирање на владините институции во Република Северна Македониаја“ во соработка со UN Women

Обуки/конференции кои ги посетил **заменик координаторот** за еднакви можности на Министерството за образование и наука во текот на извештајниот период:

1. Обука за Превенција на РБВ и работа со момчиња и мажи оддржана на 06 и 07 јуни 2022 година, хотел Лимак, Скопје

Организатор: Проект за воспоставување мултипрофесионална превенција на родово базирано насилство, работа ориентирана кон безбедноста на жртвите со сторителите и советување за мажи во Северна Македонија (Акроним : МАЕБ НМ) раководено од Здружение за теми за мажи и родови теми Штајермарк, Австрија (Verein für Männer- und Geschlechterthemen Steiermark, Austria) а финансира Сојузно Министерство за Социјала, Здравје, Нега и заштите на потрошувачите, Австрија (Bundesministerium Soziales, Gesundheit, Pflege und Konsumentenschutz, Austria), во партнерство со организацијата HERA и REACTOR

2. Работилница за „Родово буџетски изјави - Извештај за родово одговорно буџетирање“ оддржана на 12 мај 2022 година, Ресурсен центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање, Скопје

Организатор: Министерство за труд и социјална политика во соработка со канцеларијата на UN Women во Скопје

3. Студиска посета за „Воспоставување на мулти-професионална превенција на родово засновано насилство, работа со сторители преку пристап фокусиран на безбедноста на жртвата и советување на мажите во Северна Македонија“ оддржана од 27-29 јуни 2022 година, Австрија (Виена и Грац)

Организатор: Проект за воспоставување мултипрофесионална превенција на родово базирано насилство, работа ориентирана кон безбедноста на жртвите со сторителите и советување за мажи во Северна Македонија (Акроним : МАЕБ НМ) раководено од Здружение за теми за мажи и родови теми Штајермарк, Австрија (Verein für Männer- und Geschlechterthemen Steiermark, Austria) а финансира Сојузно Министерство за Социјала, Здравје, Нега и заштите на потрошувачите, Австрија (Bundesministerium Soziales, Gesundheit, Pflege und Konsumentenschutz, Austria), во партнерство со организацијата HERA и REACTOR

**Дали тие во обуките се јавиле како:**

**<u>а) слушатели</u>**
б) обучувачи

**5.4. Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и анти-дискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). имаат посетено:**
**а) координатор за еднакви можности**
**б) заменик координатор за еднакви можности**

а) **координатор** за еднакви можности:
/

б) **заменик координатор** :
1. Е-обука за родова еднаквост (основно и напредно ниво)
Организатор: Министерство за информатичко општество и администрација
2. Обука: Постапка за правно признавање на род во законодавството на Република Македонија, 27-28.02.2019 година
Организатор: Министерството за правда на Република Македонија во соработка со Хелсиншкиот Комитет за човекови права на Република Македонија и Коалицијата Маргини и во рамки на Taiex експертска мисија
3. Глобални промени и цели, 12.11.2019 година
Организатор: UNHCR
4. Вклучување на родовата перспектива во процесот на стратешко планирање на министерствата и во програмското буџетирање, одржана на 21-22 Декември 2020 година, Зоом–онлајн работилница,
Организатор:UN Women
5. Можностите за вклучување на родовите прашања во програмите на министерствата согласно Програмата на Владата 2020-2024 и мандатните писма, одржана на 20 октомври 2020 година во хотел Арка
Организатор:UN Women.
6. Вклучување на родовата перспектива во процесот на стратешко планирање на министерствата и во програмското буџетирање, одржана на 21-22 Декември 2020 година, Зоом–онлајн работилница,
Организатор:UN Women;
7. Можностите за вклучување на родовите прашања во програмите на министерствата согласно Програмата на Владата 2020-2024 и мандатните писма, одржана на 20 октомври 2020 година во хотел Арка
Организатор:UN Women.
8. Презентација на Анализи на учебници од родов аспект, одржана на 25.02.2021 година, онлајн работилница
Организатор: UN Women и Министерство за труд и социјална политика
9. Примена на родово одговорно буџетирање во секторски програми и развој на родово буџетски изјави, одржана на 15.06.2021 година, Зоом онлајн работилница
**Организатор: Министерство за труд и социјална политика**
10.Обука за Превенција на РБВ и работа со момчиња и мажи оддржана на 06 и 07 јуни 2022 година, хотел Лимак, Скопје
Организатор: Проект за воспоставување мултипрофесионална превенција на родово базирано насилство, работа ориентирана кон безбедноста на жртвите со сторителите и советување за мажи во Северна Македонија (Акроним : МАЕБ НМ) раководено од Здружение за теми за мажи и родови теми Штајермарк, Австрија (Verein für Männer- und Geschlechterthemen Steiermark, Austria) а финансира Сојузно Министерство за Социјала, Здравје, Нега и заштите на потрошувачите, Австрија (Bundesministerium Soziales, Gesundheit, Pflege und Konsumentenschutz, Austria), во партнерство со организацијата HERA

и REACTOR
11.Работилница за „Родово буџетски изјави - Извештај за родово одговорно буџетирање“ оддржана на 12 мај 2022 година, Ресурсен центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање, Скопје
Организатор: Министерство за труд и социјална политика во соработка со канцеларијата на UN Women во Скопје
12.Студиска посета за „Воспоставување на мулти-професионална превенција на родово засновано насилство, работа со сторители преку пристап фокусиран на безбедноста на жртвата и советување на мажите во Северна Македонија“ оддржана од 27-29 јуни 2022 година, Австрија (Виена и Грац)
Организатор: Проект за воспоставување мултипрофесионална превенција на родово базирано насилство, работа ориентирана кон безбедноста на жртвите со сторителите и советување за мажи во Северна Македонија (Акроним : МАЕБ НМ) раководено од Здружение за теми за мажи и родови теми Штајермарк, Австрија (Verein für Männer- und Geschlechterthemen Steiermark, Austria) а финансира Сојузно Министерство за Социјала, Здравје, Нега и заштите на потрошувачите, Австрија (Bundesministerium Soziales, Gesundheit, Pflege und Konsumentenschutz, Austria), во партнерство со организацијата HERA и REACTOR

**5.5. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашиот ОДУ, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**

**Ве молиме опишете :**

При изготвување на сите документи поврзани со еднаквите можности на мажите и жените, секогаш се консултирани вработени од одредената област, која се обработува. Дел од вработените биле или се вклучуваат во обуки и работилници, состаноци, поврзани со оваа проблематика. Сите документи кои ги изготвуваат координаторот и заменик координаторот за еднакви можности, а се однесуваат на еднаквите можности на мажите и жените, се прикачуваат на официјалната страна на Министерството за образование и наука и се јавно достапни за сите.

**5.6. Колку и кои иницијативи (предлог закони, предлог стратегии, предлог информации до влада, предлог акциски планови, предлог буџети, предлог стратешки планови) координаторот и заменикот координатор за еднаквите можности на жените и мажите имаат доставено до ОДУ?**

Координаторот и заменик координаторот за еднакви можности изготвија Годишен извештај на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите за 2022 година, Извештај за родово одговорно буџетирање за 2022 година и Информација за превземени активности и имплементирани мерки на програми и потпрограми во кои е вклучена родовата перспектива за 2022 година и истите беа доставени до Министерството за труд и социјална политика и објавени на веб страната на Министерството за образование и наука. Исто така, координаторот и заменик координаторот активно учествуваа во изготвувањето на Националниот акциски план за родова еднаквост 2021-2026, Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026, Националниот акциски план за еднаквост и недискриминација 2022-2026, Стратешкиот план на МОН 2022-2024, Годишниот план за работа на МОН 2022, Предлог Стратешкиот план на мон 2023-2025 година

**5.6 Колку од тие иницијативи биле успешни?**
Сите иницијативи континуирано се спроведуваат.

## 4. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

**6.1 Наведете дали и со какви предизвици сте се соочиле во текот на извештајната година и какви предлози за нивно надминување сте дале**

Донесени се новите наставни програми за второ и петто одделение, кои промовираат родова еднаквост и недискриминација, врз основа на кои потоа се изработени и нови учебници. Исто така врз основа на претходно донесените наставни програми за прво и четврто одделние изработени се нови учебници кои промовираат родова еднаквост и недискриминација.

Етичноста како однос и професионалниот етички кодекс особено се важни во советодавната работа со учениците. Во стручните мислења кои одделението за советување на родители и ученици ги доставува до училиштата, а по нивно барање согласно член 77 од Законот за основно образование и член 58-а од Законот за средно образование, се посветува особено внимание на почитување на професионалниот етички кодекс на стручните служби кои ја обавуваат советодавната работа. Односно, почитување на интегритетот на личноста на учениците и поттикнување на учениците согласно нивните интелектуални, физички и социо-емоционални способности, темпераменти и интереси.

Се изготвува нов предлог - Законот за учебници за основно и средно образование и сите предлози и сугестии од експертската јавност се интегрирани во неговата содржина, која е усогласена со сите последно усвоени документи од страна на Европската комисија, а кои се однесуваат на давање приоритетност на процесот на дигитализација на образованието. Со новото законско решение кое предвидува транспарентна постапка за одобрување и набавка на учебници , ниеден ученик нема да биде исклучен од наставата. Учениците од прво до трето одделение ќе добиваат секоја година нови печатени учебници, додека учебниците за учениците од четврто и погорните одделенија и години ќе се заменуваат на секои четири години.
Во новото предлог-законско решение се уредува следното: „Во учебник, се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, род, сексуална ориентација, родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правата од основното и средното образование" и „во содржините треба да има текстови и илустрации каде подеднакво се застапени и третирани и жените и мажите".

**6.2 Споделете пример за добра или лоша пракса**

Учебникот по наставниот предмет Социологија за втора година Гимназиско образование, за кој е донесено Решение за повлекување од употреба со бр. 08-9443/3 од 29.08.2022 година.

**6.3. Наведете примери за научени лекции**

Во сите Стратешки планови на Министерството за образование и наука, во приоритети и цели има вклучено унапредување на Концептот за еднаквост и недискриминација во образовниот систем.

## 7. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ:

**7.1 Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегија за родова еднаквост, друг стратешки документ на ОДУ итн.)**

1. Донесено е Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување за основно образование
2. Донесени се нови наставни програми за трето и шесто одделение кои промовираат родова еднаквост и недискриминација, врз основа на кои ќе бидат изработени и нови учебници
3. Ќе се донесат нови наставни програми за седмо, осмо и деветто одделение кои ќе промовираат родова еднаквост и недисриминација, врз основа на кои ќе бидат изработени и нови учебници
4. Донесена е Концепција за инклузивно образование
5. Ќе се донеси нов Закон за учебници за основно и средно образование кој ќе се темели на родовата еднаквост, недискриминација и инклузивност
6. Ќе се донеси нов Закон за средно образование кој ќе се темели на родовата еднаквост, недискриминација и инклузивност
7. Ќе се донесе Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување за средно образование
8. Ќе се донесе новата Концепција за учебник и Методологија за вреднување на учебникот.
9. Ќе се донеси нов Законот за стручно образование
10. Ќе се продолжи со имплеметирање на сеопфатно сексуално образование во поголем број училишта, што ќе значи и унапредување на родовата еднаквост, инклузивноста и толеранцијата, но и превенција од сексуалното вознемирување и насилството
11. Ќе се продолжи со анализа на содржините на наставните програми и дидактички средства во основното и средното образование од аспект на унапредување на родовата еднаквост, согласно Правилникот за начинот на вршење на анализата на содржините на наставните планови, програми и учебниците од аспект на еднаквите можностина жените и мажите.

## 8. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА:

**8.1 Наведете ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост**

**б) Имплементација на Стратегија за родова еднаквост во секторските политики/програми**